Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/09, бр.158/2010) Градоначалникот на Општина Кочани, донесе:

# П Л А Н
## за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци во Општина Кочани

### I. Цел на планот

Со овој План се утврдува создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци во Општина Кочани што во својство на Контролор ќе ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

### II. Обработка на лични податоци

Во Општина Кочани се обработуваат следните категории на личните податоци.

Заради спроведување на конкретни права и обврски кои се утврдени во надлежностите на Општина Кочани:

- Име и презиме на вработените во Општина Кочани;
- Адреса на живеење или престојување;
- Единствен матичен број на вработените;
- Број од трансакциски сметки на вработените во Општина Кочани;
- Изводи од матични книги од вработените;
- Изводи од државјанство на вработените;
- Видео снимки за физички и физиолошки изглед на вработените во Општината;
- Дипломи, уверенија и сертифинати или потврди за стекнатото образование на вработените во Општина Кочани;

Личните податоци на странките и трети лица при водење на управни постапки, прекршочни постапки, барања, предлози или претставки, согласно Законите со кои работат овластените лица задолжени со определени работни задачи за кои Општина Кочани има утврдени надлежности.

- Име и презиме;
- Адреса на живеење или престојување;
- Единствен матичен број во одредни и утврдени ситуации;
- Број од трансакциски сметки одредни и утврдени ситуации;
- Контакти (телефонски броеви или е – адреси);

- Видео снимки за физички и физиолошки изглед на странките кои влегуваат се движат и излегуваат од простории на Општината;
- и други лични податоци потребни за изведување како докази во надлежните постапки согласно закон.

## III. Нивоа на технички и организациски мерки

На сите документи во Општина Кочани, задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во две нивоа:

- основно ниво,
- средно ниво и
- високо ниво.

## IV. Документација за технички и организациски мерки

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Кочани се состои од следните механизми:

1. Донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Кочани;
2. Донесување на Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема во Општина Кочани;
3. Донесување на Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Општона Кочани;
4. Донесување на Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци во Општина Кочани;
5. Донесување на Правилник за начинот на уништување на документи, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во Општина Кочани;
6. Донесување на Правилник за начинот на вршење видео надзор во Општина Кочани.
7.Донесување на Упатсво за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци.

Вработените и ангажираните лица во Општина Кочани се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

Општина Кочани овластува едно или повеќе лица за заштита на личните податоци во Општина Кочани, кое ќе се грижи за правилната примена на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Општина Кочани, со посебен акт, определува офицер за заштита на личните податоци, кој што е овластен од Контролорот за самостојно вршење на работите во смисла на член 26 – а од Законот за заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци во Општина Кочани, врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на старите, од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

## V. Периодични контроли

Офицерот за заштита на личните податоци во Општина Кочани, ги врши следните периодични контроли:

1.Најмалку еднаш месечно врши контрола и изготвува извештај за извршената проверка и констатираните неправилности над:

- Авторизираниот или неавторизираниот пристап во информацискиот систем (запис за авторизација за секое пристапување, запис за секој неавторизиран пристап и запис за автоматисирано отфрлање од информацискиот систем) и идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација;

2. Полугодишно врши контрола и изготвува извештај за извршената проверка и констатираните неправилности над:

- контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- контрола на уништување на документи, кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,
- контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци,
- контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци во Општина Кочани,
- контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку персоналните компјутери во Општина Кочани,
- контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
- контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите,
- контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Општина Кочани.

## VI. Преодни и завршни одредби

Одредбите на овој План може да се изменат само во писмена форма преку усвојување на План за изменување и дополнување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци во Општина Кочани

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен на интернет страницата на Општина Кочани.

Бр.03-2854/1
од 19.12.2011 година
Кочани

**Градоначалник**
**на Општина Кочани**
**Ратко Димитровски**

Изработил:
Драган Ананиев